# КРЕИРАЊЕ ИНДЕКСИ ВО WORD

Индекс на поими најчесто се вметнува на крајот на некоја книга за да се види одредени поими на кои страни во книгата се среќаваат. За да се креираат индекси постапката е следна:

1. Се отвора готов документ.
2. Се означува соодветниот поим и се задава командата:
   Insert – reference – index and tables
3. Се отвора дијалог прозорец index and tables и се избира листот index. Се означува опцијата right align page numbers за броевите да бидат сместени на десната страна на листот. Потоа клик на mark entry, во cross reference се брише текстот see, и клик на mark all, close. Се појавуваат ознаки.
4. Постапката се повторува за сите поими што треба да бидат содржани во индексот.
5. Откога ќе се повтори постапката за сите поими, се преминува на последната страница од документот на која ќе се поставaт обележаните поими.
6. Се задава: insert – field и во прозорецот што се отвора во категоријата index and tables се бара името на полето index. Се означува и клик на ОК.
   Се појавува список на сите поими што претходно беа означени со броевите на страниците каде тие поими се среќаваат.